Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
M-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 02-1625/1
05-12-2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

М-НАВ

*Акционерско друштво во државна сопственост*
*за вршење на дејноста давање услуги во*
*воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e*
*veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

# М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ

# Годишен финансиски план за 2023 година

***Ноември 2023 година***

„Босфор“ Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor“ Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

Опис на документот: **Годишниот финансиски план на М-НАВ А.Д. Скопје за 2023 година** ги опфаќа последиците од пандемијата со Ковид-19, воениот конфликт во Украина, воздушниот сообраќај во Р.С. Македонија во 2021/22 година и можните сценарија за движењето во 2023 година, единечната цена за прелети на воздухоплови и терминални услуги за 2023 година, анализа на планираните приходи за 2023 година, споредбена анализа на планираните приходи на Друштвото за 2023 година во однос на планираните приходи на Друштвото за 2022 година, анализа на планираните расходи за 2023 година, табеларен приказ на планираните приходи и расходи на Друштвото за 2023 година, планираниот финансиски резултат на Друштвото за 2023 година, споредбена анализа на планираните расходи на Друштвото за 2023 година со планираните расходи на Друштвото во 2022 година, споредбена анализа на планираните расходи на Друштвото за 2023 година со реализираните расходи на Друштвото во 2022 година и друго.

Наслов

**М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ**

**ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| Референтен број: МНВ-610-201-04 | Издание број: 1.0<br>Дата: 30/11/2021 |
| | |

Извадок:

"...Планирањето на приходите од прелети за 2023 година се базира на анализите на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија во првите девет месеци во 2022 година како и на последните сценарија изготвени од EUROCONTROL за бројот на летови во периодот помеѓу 2022 - 2028 година."

Клучни зборови:

Обем на сообраќај, планирани приходи, планирани расходи, реализирани приходи, реализирани расходи, вкупни приходи, вкупни расходи.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Статус на документот: | Работна верзија | | Класификација: | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| Локација: | **Скопје** |

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 02-1625/1
03.12 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/одобриле овој документ.

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработиле | Филип Трандафиловски<br>Раководител на Одделение за планирање, развој и меѓународно задолжување | 02.12.2022 |
| | Даниела Трајчулеска<br>Раководител на Одделение за финансиски работи и администрација | 02.12.2022 |
| | Дејан Зарапчиев<br>Самостоен советник за одредување на цени | 02.12.2022 |
| Проверил аспект - квалитет | Леонора Шаља<br>Шеф на Отсек за квалитет-безбедност во Одделение за безбедност,обезбедување и квалитет | 02.12.2022 |
| Одобриле | Fahrudin Hamidi<br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор на Секторот за воздухопловна навигација | 02.12.2022 |
| | Владко Крстевски<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор на Секторот за воздухопловна техника | 02.12.2022 |
| | Migjen Salmani<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор на Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | 02.12.2022 |

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација АД Скопје М-НАВ M-NAV SHA Shkup Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ........ 5
2. ЕФЕКТИ ОД ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19 И ВОЕНИОТ СУДИР ВО УКРАИНА - ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ ........ 8
2.1. Прогноза на Eurocontrol – STATFOR за воздушниот сообраќај 2022-2028 (Издание - Октомври 2022 година) 8
3. ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА И МОЖНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕТО ВО 2023 ГОДИНА ........ 11
4. ЕДИНЕЧНА ЦЕНА ЗА ПРЕЛЕТИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВО 2023 ГОДИНА ........ 14
4.1. Споредбена анализа на планираните приходи на друштвото за 2023 година во однос на планираните во 2022 година 16
5. АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИТЕ РАСХОДИ ЗА 2023 ГОДИНА ........ 16
6. ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ЗА 2023 ГОДИНА ........ 20
7. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА ........ 21
8. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА ........ 22
9. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА СО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2022 ГОДИНА ........ 24
10. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2022 ГОДИНА ........ 26

# 1. ВОВЕД

Согласно член 60 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.220/19), за вршење на услуги на воздухопловна навигација Владата на Република Северна Македонија основа акционерско друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловна навигација, согласно со Законот за трговските друштва. Начинот на основање, дејностите и начинот на управување се регулирани со актот за основање и статутот на друштвото.

Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 16.10.2008 година донела Одлука за отпочнување на постапка за основање на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловна навигација бр. 19-4602/1.

Согласно Тековна состојба издадена од страна на Централниот регистар, датум на основање на Друштвото М-НАВ АД Скопје е 04.11.2008 година.

На 10 март 2010 година Друштвото М-НАВ АД Скопје се стекнало со Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација МК-01/2010ANSP, со важност од две години, издадено од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство, која по проверка на исполнување на потребните услови истото редовно го обновува. Важечкото уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација број МК01-2022/ANSP е издадено во март 2022 година.

Со Одлука за изменување на Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.70/19) и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/20) е изменет називот на друштвото, согласно што Акционерското друштво работи и учествува во правниот промет под фирма: Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје. Скратен назив на фирмата е: „М-НАВ“ А.Д. – Скопје. Називот на Друштвото се пишува и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо и гласи: „Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Kryerjen e Veprimtarisë së Dhënies së Shërbimeve në Navigacionin Ajror M-NAV SHA Shkup. Скратениот назив на фирмата на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо гласи: M-NAV SHA Shkup. Во правниот промет со странство називот на Друштвото е “M-NAV” Air Navigation Service Provider of the Republic of North Macedonia, GOJSC.

Согласно член 8 од Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 31/20 - Пречистен текст) основната главнина на Друштвото изнесува 1.552.034.000,00 денари или 25.226.275,71 евра поделени на 1.552.034 обични акции со номинална вредност од 1.000,00 денари за една акција.

Согласно Статутот на М-НАВ АД Скопје управувањето со Друштвото е организирано според двостепен систем. Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор. Управниот одбор е составен од три члена. Надзорниот одбор, ги избира членовите на Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број гласови. Со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, еден од членовите на управниот одбор се именува за Претседател на Управниот одбор. Еден од членовите на Управниот одбор ја води, организира и е одговорен за давање на услуги во воздухопловната навигација и носи назив, извршен директор за воздухопловната навигација. Членот се избира од редовите на вработените и мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејноста на Друштвото, да поседува валидна дозвола на надзорен контролор на летање и најмалку 6 годишно работно искуство како надзорен контролор на летање. Еден од

членовите на Управниот одобор ја води, организира и е одговорен за техничките средства во воздухопловната навигација и носи назив, извршен директор за воздухопловна техника.Членот се избира од редовите на вработените и мора да има стручни знаења, способности и искуство од организирање и водење на дејноста на Друштвото, да поседува валидна дозвола на воздухопловно-технички персонал и најмалку 6 годишно работно искуство како воздухопловно – технички персонал. Еден од членовите на Управниот одбор ги води и врши финансиските работи, правните работи, развој и инвестиции и е одговорен за финансиското работење, правното работење, развој и инвестиции и носи назив, извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инестиции. Членот мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејноста на Друштвото и најмалку 6 годишно работно искуство во соодветна дејност. Членовите на Управниот одбор се избираат за време од 4 години со право на реизбор. Членот на Управниот одбор не може да биде избран за член на управен одбор односно за извршен член на одбор на директори на други акционерски друштва со седиште во Република Северна Македонија..

Претседател и членови на Управниот одбор на „М-НАВ" А.Д. – Скопје се:

- Фахрудин Хамиди избран со Одлука на Надзорниот одбор на М-НАВ АД Скопје од 30.10.2020 година, кој ја води, организира и е одговорен за давање на услуги во воздухопловна навигација и носи назив - Извршен директор за воздухопловна навигација. Именуваниот, воедно е и Претседател на Управниот одбор;
- Владко Крстевски избран со Одлука на Надзорниот одбор на М-НАВ А.Д. Скопје од 20.12.2019 година, кој ја води, организира работата и е одговорен за техничките средства во воздухопловната навигација и носи назив - Извршен директор за воздухопловна техника; и
- Миѓен Салмани избран со Одлука на Надзорниот одбор на М-НАВ А.Д. Скопје од 26.09.2011 година, 18.09.2015 година, и 18.09.2019 година, кој ги води и врши финансиските работи, правните работи, развој и инвестиции и е одговорен за финансиското работење, правното работење, развој и инвестиции и носи назив, извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инестиции.

➢ **Предмет на работење на М-НАВ А.Д. Скопје**

Предмет на работење на Друштвото се следните дејности:

1. Давање на услуги на воздухопловната навигација (ANS – Air Navigation Services) како приоритетна дејност на Друштвото, која опфаќа:

   1.1. АТМ услуги (Air Traffic Management) и тоа:

   а) АТС услуги (ATS-Air Traffic Services):

   - контрола на летање (АТС – Air Traffic Control), која се дава на воздухопловите преку издавање на одобренија и инструкции на надлежната контрола на летање за да се овозможи безбеден, редовен и брз проток на воздушниот собраќај;
   - информирање во лет (FIS - Flight Information Service), која се дава преку издавање на информации значајни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај; и
   - тревожење (ALRT – Alerting Service) која се дава за воздухоплов кој има потреба од потрага и спасување преку известување и координирање на надлежните субјекти.

   б) регулирање на протокот на воздушен сообраќај (ATFM – Air Traffics Flow Management), која се дава за да се овозможи максимално искористување на капацитетот на контролата на летање и обемот на сообраќајот;

   в) организација на воздушниот простор (ASM - Air Space Management), која се

два за да се обезбеди максимално и флексибилно искористување на воздушниот простор за сите корисници и

г) мрежни функции (Network functions) се услуги кои се даваат со цел обезбедување на детални аранжмани за донесување на заеднички одлуки помеѓу земјите членки, давателите на услуги на воздухопловна навигација и функцијата за управување со мрежата.

1.2. Услуги на воздухопловно информирање (AIS - Aeronautical Information Service), кои опфаќаат: собирање, обработка и дистрибуција на воздухопловните информации, итни известувања, воздухопловен информативен циркулар, воздухопловни карти и постапки и процедури за летање;

1.3. Метеролошките услуги кои опфаќаат собирање, обработка и дистрибуција на метеролошки информации, метеролошка прогноза, метеролошки известувања и метеролошки предупредувања; и

1.4. Поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација што подразбира превентивно и корективно одржување, приспособување, калибрирање, мониторирање, надгледување, управување, поставување и воведување во работа, како и развој и измена на процедури и упатства за работа и одржување на оперативните технички средства во состојба која овозможува безбеден и уреден воздушен сообраќај (CNS Services).

2. Водење на евиденција, собирање, обработка и проследување на податоци кои се користат за наплата на надоместоци од услугите на воздухопловна навигација.
3. Изготвување и редовно ажурирање на Зборникот на воздухопловни информации.
4. Обука на АНС персонал.

➢ **Давателот на услуги на воздухопловна навигација се финансира од:**

- Делот од надоместокот остварен по основ на давање на услуги на воздухопловна навигација чија висина се утврдува со трошковник на давателот на услуги на воздухопловна навигација на начин пропишан согласно со членот 56 став (4) на Законот за воздухопловство;
- Надоместок за обука на ANS персонал; и
- Даноци, заеми, кредити и друга финансиска и техничка помош.

## 2. ЕФЕКТИ ОД ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19 И ВОЕНИОТ СУДИР ВО УКРАИНА - ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ

Пандемијата од КОВИД-19 којашто го зафати светот во 2020 имаше директен и катастрофален удар пред се врз воздушниот сообраќај и воздухопловството во целина, а како еден од клучните сегменти на воздухопловството и врз Давателите на услуги на воздухопловна навигација, особено во Европскиот регион. Сепак, со новите поблаги варијанти на вирусот, како и зголеменото ниво на вакцинација, во текот на 2022 година Ковид-19 прејде во ендемска фаза, со мошне мали ограничувања во патувањето. И покрај тоа, ефектите ќе продолжат да се чувствуваат и во 2023 година, посредно преку недостиг на работна сила во разните гранки на воздухопловството.

Меѓутоа, како нов фактор со големо влијание на воздушниот сообраќај, особено во Европа, е започнувањето на воениот судир помеѓу Русија и Украина, кој се појави во фазата на опоравок од кризата предизвикана со Ковид-19. Новонастаната ситуација особено влијае на енергетскиот сектор, а со тоа и на прогнозите на економски раст во еврозоната. Со намалувањето на куповната моќ на потрошувачите, а со тоа и на побарувањето за патување, влијанието се одразува и на воздушниот сообраќај. Исто така, воздушниот товарен сообраќај е особено погоден од овој нов фактор, со големи ограничувања во работата на клучните превозници и нарушените синџири на набавка.

Сето ова го отежнува прецизното предвидување за обемот на сообраќај во 2023 година, како и за можните финансиски импликации врз Друштвото.

### 2.1. Прогноза на Eurocontrol – STATFOR за воздушниот сообраќај 2022-2028 (Издание - Октомври 2022 година)

Последната прогноза на воздушниот сообраќај издадена од страна на Eurocontrol - STATFOR од октомври 2022 година, предвидувањето на влијанието на пандемијата од КОВИД-19 врз состојбата на авио сообраќајот во иднина ги зема во предвид следните инпути:

- **Трендови на авио сообраќајот: 18% помалку летови во јануари-октомври 2022 година во споредба со истиот период од 2019 година**

**TRAFFIC TRENDS**

Since the beginning of 2022 (YTD), flights are 82% of 2019 traffic levels.




EUROCONTROL Seven-Year Forecast Update 2022-2028 Document Confidentiality Classification: White 3

- **Економски раст**

Последната ревизија на предвидувањата за БДП во еврозоната доведе до намалување на предвидениот раст поради зголемувањето на инфлацијата, забавениот економски раст и порастот на нарушувањата врз работните активности. Сето ова води кон зголемено ниво на неизвесност и ризици кои негативно влијаат на прогнозите.




- **Три одделни сценарија коишто треба да се земат во предвид за влијанието на војната во Украина, како и закрепнувањето од пандемијата со КОВИД-19**

Eurocontrol се одлучи за 3 одделни сценарија со оглед на сите можни ризици и нивните релативни влијанија, а во изработката на сценаријата ги земаат во предвид следните параметри:

- Состојба со КОВИД-19 на светско ниво, односно закрепнувањето кое следи после пандемијата со Ковид-19;
- Минорни ограничувања во патувањето, недостиг на работна сила;
- Влијание на војната во Украина, односно ограничувања во воздушните простори на Украина, Русија, Белорусија и Молдавија;
- Влошување на економската ситуација, односно намалување на БДП за 2023 година;
- Зголемени цени на енергенсите и последователно намалена платежна способност на потрошувачите што се одразува на побарувачката за патувања;
- Негативно влијание на војната на работата во секторот на воздушен товарен сообраќај.

### Сценарија за движење на авио сообраќајот

| | Закрепнување од пандемијата со Ковид-19 | Влијание од војната во Украина |
|---|---|---|
| **Сценарио бр.1**<br>Нормализирање на ниво на 2019 година во средина на 2023 година<br>(поволно сценарио) | • Висока доверба кај патниците<br>• Интерес кај туристите на ниво повисоко од 2019 година<br>• Повторен подем во бизнис патувањето<br>• Завршеток на проблемите со недоволно работна сила | • Умерен раст на БДП за 2023 година во повеќето европски земји<br>• Ограничено влијание на побарувачката поради зголемената инфлација (вклучувајќи ја цената на авионското гориво) |
| **Сценарио бр.2**<br>Нормализирање на ниво на 2019 година до крајот на 2025 година<br>(основно сценарио) | • Умерена доверба кај патниците<br>• Делумна замена на бизнис патувањата со можности кои ги пружа дигитализацијата<br>• Умерено ниво на недостиг на работна сила | • Намалување на БДП за 2023 година во повеќето европски земји<br>• Намалување на побарувачка поради високата инфлација |
| **Сценарио бр.3**<br>Нормализирање на ниво на 2019 година по 2028 година.<br>(неповолно сценарио) | • Повремени ограничувања во патувања поради појави на нови варијанти на Ковид-19<br>• Значително намалување на бизнис патувањата во корист на дигиталните алтернативи<br>• Високо ниво на недостиг на работна сила (како 2022 година) | • Рецесија во значителен број на европски земји во 2023 година<br>• Значително намалување на потрошувачката во туристичкиот сектор поради инфлацијата |



## 3. ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА И МОЖНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕТО ВО 2023 ГОДИНА

Постепеното стабилизирање на состојбата со пандемијата со Ковид -19 и укинувањето на рестриктивните мерки во 2022 година предизвика враќање на сообраќајот особено во нашиот регион поради интензивирање на патувањата за годишни одмори кон туристичките дестинации. Во најголем дел од првите 9 месеци забележан е благ пораст на сообраќајот во однос на референтната 2019 година. Од графиконот даден подолу се забележува дека сообраќајот во 2022 година се врати на нивото од 2019 година, односно севкупно го надмина нивото од 2019 година за 2,2% за периодот од јануари до септември.




Ден со најмногу операции во 2022 година е сабота, 6ти август со вкупно 1037 операции.

На графиконот подолу е прикажана месечната еволуција на севкупниот сообраќај за периодот од 2019 година до 2022 година, во кој може јасно да се воочи порастот на сообраќајот во 2022 година во однос на референтната 2019 година.




| | Jan | Feb | Mar | Apr | May | Jun | Jul | Aug | Sep | Oct | Nov | Dec |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 4965 | 3922 | 5029 | 5420 | 7465 | 13357 | 23909 | 27564 | 23215 | 22300 | 11536 | 11269 |
| 2020 | 12790 | 11552 | 7990 | 1568 | 1808 | 2652 | 11282 | 15426 | 12887 | 11146 | 5422 | 5614 |
| 2022 | 10169 | 8545 | 12029 | 17788 | 24144 | 28018 | 30870 | 29388 | 27094 | | | |
| 2019 | 10493 | 9652 | 11347 | 16566 | 23058 | 26777 | 29763 | 29917 | 26356 | 22020 | 11936 | 12285 |

Овој пораст на сообраќајот ќе беше уште поголем доколку имаше поповолни метео состојби во летната сезона. Неповолните временски услови во значителен број денови

од летниот период, предизвикаа воведување на регулации претежно од соседните единици на контрола на летање, но и од наша страна. По прекинувањето на воведените временски регулации од соседните единици на контрола на летање се јавуваше нагло реализирање на регулираниот сообраќај што предизвикуваше непланирани пикови и надминување на пропишаните секторски капацитети, поради што беше неопходно да се воведуваат регулации. Оваа состојба беше најизразена во раните утрински часови односно во периодот од 01ч до 03ч локално време во рамки на ноќните работни смени.

Како дополнителен фактор во намалување на сообраќајот е и реализацијата на проектот за имплементирање на нов VHF систем како дел од Планот за модернизација на М-НАВ. Како резултат на реализација на овој проект на почетокот од септември во период од две недели, при реализација на фазата за замена на радијата на радио локацијата Солунска Глава, бројот на расположиви сектори беше лимитиран од три на два, додека капацитетот на Lower секторот беше намален од 33 на 28 воздухоплови на час согласно безбедносните препораки.

Дополнително, воениот конфликт и затворањето на воздушниот простор над Украина предизвикаа флуктуација на украинскиот сообраќај кон југ од Украина, но овој процес не предизвика поголеми промени во нашиот воздушен простор со исклучок на ефектите од воведените регулации од страна на единиците на контрола на летање кои се наоѓаат северно од нашиот простор, поточно оние кај кои беше забележан значителен пораст на сообраќајот. Како резултат на тој неочекуван пораст, дел од овие единици на контрола на летање воведуваа регулации кои делумно влијаеа при регулирањето на нашиот сообраќај и појавата на пикови по укинување на истите.

Во периодот од 1ви мај до 13ти септември 2022 година беа воведени вкупно 51 случаи на регулација, од кои 21 поради неповолни метео услови, една поради редовно одржување на радарскиот систем и 6 поради проектот за имплементирање на нов VHF систем. Останатите 23 регулации воглавно беа воведени поради неповолен распоред на сообраќајот на секторите со што беа надминувани пропишаните секторски капацитети, претежно како резултат на пиковите кои настануваа во раните утрински часови по укинување на соседните регулации како што е опишано во текстот погоре.

Подолу е даден уделот на причините за воведување на регулации и предизвиканото задоцнување на летовите дадено во минути, во периодот од 1ви мај до 13ти септември 2022 година.




Обемот на сообраќајот на скопскиот и охридскиот аеродром, дадена во графиконот подолу, покажува зголемување на сообраќајот во 2022 година во однос на 2021 година, но сеуште под нивото од 2019 година .




| | Jan | Feb | Mar | Apr | May | Jun | Jul | Aug | Sep | Oct | Nov | Dec |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 698 | 596 | 787 | 818 | 1081 | 1382 | 1935 | 1970 | 1689 | 1330 | 1093 | 1291 |
| 2020 | 1513 | 1390 | 864 | 157 | 144 | 129 | 964 | 959 | 802 | 707 | 653 | 662 |
| 2022 | 1071 | 822 | 1087 | 1411 | 1603 | 2015 | 2234 | 2155 | 1773 | | | |
| 2019 | 1364 | 1191 | 1403 | 1708 | 1858 | 2091 | 2412 | 2487 | 2119 | 1799 | 1467 | 1582 |

И покрај значително зголемениот обем на сообраќај, неповолните метео услови и ограничувањата поради реализација на проектот за имплементирање на новиот VHF систем, летната сезона е одработена успешно од секој аспект, првенствено од безбедносен, но и од аспект на ефикасност.

Впрочем, во првите девет месеци од 2022 година (период јануари-септември) вкупно беа реализирани 187.762 летови од кои 173.388 беа прелети, податок кој што говори за пораст од 66,9**%** во однос на бројот на прелети во истиот период од 2021 година. Според статистиката на Централното биро за наплата на Eurocontrol за првите девет месеци од 2022 година, Република Северна Македонија бележи зголемување од 28,5**%** на наплатните единици од прелетите во однос на планираните за 2022 година или зголемување од 70,6% во однос на истиот период во 2021 година.

| Charge area : | **LW** |
|---|---|

| Month | | 2022 Actual | 2022 Unit Rate Basis | 2021 Actual | 2020 Actual | 2019 Actual | % 2022A / 2022 F | % 2022A / 2019 A | % 2021 A / 2019 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (1)/(2) | (1)/(5) | (3)/(5) |
| 1 | January | **17,786** | 14,436 | 8,338 | 22,672 | 17,708 | 23.2% | 0.4% | -52.9% |
| 2 | February | **15,376** | 13,564 | 6,852 | 20,493 | 16,639 | 13.4% | -7.6% | -58.8% |
| 3 | March | **23,176** | 15,679 | 9,087 | 14,355 | 19,233 | 47.8% | 20.5% | -52.8% |
| 4 | April | **32,321** | 23,174 | 9,845 | 3,678 | 28,427 | 39.5% | 13.7% | -65.4% |
| 5 | May | **43,206** | 32,979 | 12,454 | 4,181 | 40,456 | 31.0% | 6.8% | -69.2% |
| 6 | June | **49,050** | 37,480 | 21,943 | 5,417 | 45,978 | 30.9% | 6.7% | -52.3% |
| 7 | July | **52,991** | 41,208 | 38,450 | 17,682 | 50,551 | 28.6% | 4.8% | -23.9% |
| 8 | August | **50,553** | 41,263 | 45,991 | 25,368 | 50,618 | 22.5% | -0.1% | -9.1% |
| 9 | September | **45,428** | 36,960 | 40,390 | 21,879 | 45,339 | 22.9% | 0.2% | -10.9% |
| 10 | October | | 30,957 | 40,568 | 19,010 | 37,975 | | | 6.8% |
| 11 | November | | 16,798 | 21,639 | 9,596 | 20,607 | | | 5.0% |
| 12 | December | | 17,502 | 19,771 | 9,849 | 21,469 | | | -7.9% |
| **TOTAL** | | **329,886** | **322,000** | 275,328 | 174,181 | 395,000 | **28.5%** | **4.7%** | -30.3% |

• Табеларен приказ на Централното Биро за наплата на Eurocontrol за реализирани наплатни единици од прелетите над РСМ во периодот од 01.01 до 30.09.2022 година

Прогнозата на Евроконтрол за периодот од 2022 година до 2028 година (октомври 2022) во која се земани предвид влијанието на сеуште постоечката пандемија со Ковид-19 и ефектите од руската инвазија на Украина, е дадена во табелата подолу. Согласно трите сценарија на пораст на сообраќајот во 2023 година во однос на 2022 година, се очекува порастот на вкупниот број на летови во воздушниот простор Република Северна

Македонија во 2023 година да се движи помеѓу 2,5% (при песимистично сценарио) и 19% (при оптимистично сценарио) споредено со 2022 година. Дополнително во 2024 година се предвидува понатамошен раст на сообраќајот од 4,1% до 6,4% во однос на 2023 година.

**Р. Северна Македонија**

| | % на пораст во однос на претходната година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сценарио** | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| 1 | | | | | | | | 50 | 19 | 4,9 |
| 2 | 4 | -4 | 18 | 13 | 15 | -57 | 62 | 47 | 9 | 6,4 |
| 3 | | | | | | | | 45 | 2,5 | 4,1 |

- Пораст на сообраќајот во РСМ во периодот 2022-2024 година (според сценаријата на Eurocontrol)

## 4. ЕДИНЕЧНА ЦЕНА ЗА ПРЕЛЕТИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВО 2023 ГОДИНА

Методологијата за пресметка на единечната цена за прелети се базира на заедничкиот систем за наплата на надоместоци од прелети согласно регулативата бр.1794/06 на Европската Комисија и одлуката на Владата на РСМ за начинот на определување на висината на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација , начинот на наплатата и ослободување од плаќање на надоместокот како и висината и начинот на определување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација. ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194 од 23.09.2019 година). Информацијата за пресметката на цената на прелетите се доставува, се разгледува и потоа се одобрува од страна на Eurocontrol и авио-превозниците на косултативниот состанок што се организира секоја година. Притоа, на овој состанок се разменуваат информации за вкупните планирани трошоци, инвестициите, како и проекција на сообраќајот за секоја наредна година.

Согласно извршеното усогласување помеѓу М-НАВ АД Скопје и Агенцијата за цивилно воздухопловство на РСМ како регулаторно тело, единечната цена на прелетите во РСМ во 2022 година е утврдена да изнесува **49,43 евра**, што воедно претставува намалување од 8,1% во однос на нивото во 2022 година.

**Графички приказ на движењето на единечна цена за прелети во РСМ во периодот помеѓу 2012 - 2023 година**



Вредно е да се напомене и фактот дека со порастот на сообраќајот во изминатиот период и приходите остварени од зголемениот обем на дадени услуги се создадоа предуслови за намалување на цената на прелетите. Следствено, во 2023 година, единечната цена за прелетите ќе биде намалена за 8,1% споредено со 2022 година и истото се базира на претпоставките за постепена нормализација на состојбите во авио-сообраќајот и последната проекција за пораст на наплатните единици од прелети од 5,0% во 2023 година споредено со бројот на реализираните наплатни единици во 2019 година, како референтна година пред отпочнување на пандемијата на Ковид-19.

**Единечна цена за терминални услуги во 2023 година**

Еден помал дел (13,4%) од вкупните планирани приходи М-НАВ А.Д. Скопје очекува да реализира како давател на терминални услуги на воздухопловна навигација, односно услуги на контролата на летање при полетување и слетување на аеродромите во Скопје и Охрид. Од овие услуги во 2023 година, се очекува приход од приближно 165 милиони денари што воедно претставува зголемување од околу 6,0% во однос на вкупните планирани приходи од терминални услуги во 2022 година, во согласност со планираното нормализирање на состојбите во авио-сообраќајот во 2023 година и враќање на бројот на терминални операции (полетувања/слетувања) на аеродромите во Република Северна Македонија на нивото од 2019 година.

Согласно Договорот за заем со Европската Банка за обнова и развој за финансирање на „Проектот за надградба на системот за воздухопловна навигација" во Република Северна Македонија и заради ефикасно сервисирање на обврските по истиот, единечната цена за терминални услуги во 2023 година ќе изнесува 4,0 евра по тон на максимална тежина на воздухоплов во полетување.

**Анализа на планираните приходи на друштвото за 2023 година**

"М-НАВ" А.Д. Скопје остварува приходи од своето работење по основ на наплата на:

- Надоместок за давање на услуги за прелети - фактурирање и наплата што во име, а за сметка на М-НАВ А.Д. Скопје ја врши EUROCONTROL - CRCO (Central Route Charges Office);
- Надоместок за давање на терминални услуги на воздухопловна навигација - фактурирање и наплата што во име на М-НАВ А.Д. Скопје исто така ја врши EUROCONTROL - CRCO;
- Приходи од останати услуги (давање на комуникациски и радарски услуги на Hungarocontrol од страна на М-НАВ А.Д. Скопје);
- Останати приходи (приходи од минати години, донации, од закупнина и др.); и
- Надомест за обука за ANS персонал.

Планирањето на приходите од прелети за 2023 година се базира на анализите на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија во првите девет месеци во 2022 година како и на последните сценарија изготвени од EUROCONTROL за бројот на летови во периодот помеѓу 2022 - 2028 година.

Согласно оваа анализа, за периодот од јануари-декември 2023 година се предвидува да се реализираат вкупно приходи во износ од **1.228.519.475,40 денари**, од кои **1.051.719.062,83 денари** приходи по основ на прелети, **164.800.412,57 денари** приходи по основ на терминални услуги и **12.000.000,00 денари** приходи од останати услуги од кои по основ на давање на радарска слика и комуникациски услуги на Hungarocontrol 10.000.000,00 денари и 2.000.000,00 денари останати приходи од публикување на воздухопловни информации, приходи од минати години, надомест на штети, донации и друго.

Приходите се планираат по тримесечја и тоа, во првото тримесечје од 2023 година се очекува да се реализираат **173.076.188,19 денари**, во второто се планира да се остварат **365.507.901,32 денари**, во третото **441.077.513,18 денари,** додека во четвртото тримесечје се очекува да се реализираат **248.857.872,71 денари приходи**, што укажува

на сезонскиот карактер на сообраќајот кој истовремено се рефлектира и на приходите.

Структурата на приходите во планските проекции за 2023 година се очекува да биде: 85,6% приходи од прелети, 13,4% приходи од терминални услуги и 1,0% останати приходи.

Табеларен преглед на вкупните планирани приходи на М-НАВ за 2023 година е даден подолу во текстот, Точка 8.

### 4.1. Споредбена анализа на планираните приходи на друштвото за 2023 година во однос на планираните во 2022 година

| ПРИХОДИ | Планирани 2023 година | Планирани 2022 година | % 2023/2022 |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Приходи од прелети | 1.051.719.062,83 | 887.175.083,40 | 18,55 |
| Приходи од терминални услуги | 164.800.412,57 | 121.102.143,58 | 36,10 |
| Останати приходи | 12.000.000,00 | 12.000.000,00 | - |
| | | | |
| **ВКУПНО денари:** | **1.228.519.475,40** | **1.020.277.226,98** | **20,41** |

Согласно Годишниот финансиски план на М-НАВ АД Скопје, износот на планираните приходи за 2023 година е зголемен за 20,41% во однос на планираните приходи за 2022 година како последица на нормализацијата на состојбата во авио-сообраќајот и зголемувањето на обемот на авио-сообраќајот на глобално и регионално ниво.

## 5. АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИТЕ РАСХОДИ ЗА 2023 ГОДИНА

Вкупните расходи планирани за 2023 година изнесуваат **1.221.121.550,00 денари**, а истите во споредба со вкупните планирани расходи на Друштвото за 2022 година се зголемени за околу **24%**.

Зголемувањето на планираните расходи за 2023 година се должи на минимум потребните средства за континуирано обезбедување на високо ниво на безбедни, редовни, експедитивни и ефикасни услуги на воздухопловна навигација на корисниците во рамките на дезигнираниот воздушен простор на Република Северна Македонија, истите во согласност со подобрувањето на воздушниот сообраќај во 2022 година, како и со очекуваниот дополнителен пораст на сообраќајот во 2023 година, во споредба со периодот 2020-2021 година кога влијанието на пандемијата од Ковид-19 имаше директен и катастрофален удар врз воздушниот сообраќај во однос на периодот пред пандемијата, а со тоа и со драстични директни финансиски импликации во работењето на Друштвото.

Имајќи го во предвид неизвесното продолжено влијание и покрај завршетокот на кризната состојба предизвикана со пандемијата од Ковид-19 и во текот на 2023 година, но особено на новата криза предизвикана со војната во Украина и нејзиното директно влијание врз воздушниот сообраќај и приходите на Друштвото, Управниот одбор на М-НАВ континуирано ќе ги следи идните состојби и тековно ќе презема дополнителни мерки за одржување на високиот квалитет на услугите на воздухопловна навигација како основна дејност на Друштвото.

Имајќи го предвид погоре наведеното, вкупните планирани расходи за 2022 година табеларно се прикажани во Точка 8 - Табеларен преглед на планирани расходи на М-НАВ А.Д. Скопје за 2023 година, а се групирани по видови на трошоци како што следи:

- **Вкупните трошоци за вработените во 2023 година се проектирани во износ од 863.124.000,00 денари, а истите во спореба со планираните трошоци на Друштвото за 2022 година се зголемени околу 14%, од кои:**
  - Трошоците за бруто плати за вработените во 2023 година изнесуваат 857.124.000,00 денари и истите се планирани со зголемување од околу 14% во однос на планираните трошоци за бруто плати за 2022 година. Ова зголемување се должи на враќањето на дел од средствата задржани од платите на вработените во согласност со договорот постигнат со синдикатите за намалување на платите во време на кризата, при што повратот на средства е овозможен со подобрувањето на воздушниот сообраќај во 2022 година, како и очекуваниот натамошен раст на сообраќајот во 2023 година. Исто така, удел во ова зголемување од 14% има и намалувањето на бруто платите за 5% во планираните трошоци за плати во 2022 година во однос на периодот пред започнување на пандемијата поради драстично намалениот воздушен сообраќај и директните финансиски импликации врз Друштвото. Воедно, во оваа ставка се вклучени и пресметките за бруто плати за трансформација на работниот однос на 8 контролори на летање вработени во 2023 година во М-НАВ од определен во неопределен работен однос (јули-декември) и вработување на 7 нови контролори на летање – студенти (декември), метео обсервер (1 извршител), ЦОЛ (1 извршител), кабинет (1 извршител) во Секторот на воздухопловна навигација (април-декември); вработување на 6 инженери и 2 техничари (мај-декември) во Секторот за воздухопловна техника; 3 советника (јули-декември), 1 преведувач во Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции. Покрај сето наведено, оваа ставка ги вклучува и трошоците за законското зголемување на бруто платите по основ на минат труд, сменска работа, надоместоци за работа во празник, зголемување на рејтинг на контролорите на летање.
  - Ставката Други трошоци за вработените изнесува 6.000.000,00 денари и се на приближно исто ниво во споредба со планираните трошоци во 2022 година. Овие средства се наменети за исплата на останати надоместоци за вработените, т.е. трошоци за задолжителен лекарски преглед, превоз надвор од Скопје, отпремнини и други трошоци согласно Колективниот договор на М-НАВ.
- **Вкупните материјални трошоци за 2023 година се планирани во износ од 176.000.000,00 денари, а истите во спореба со планираните трошоци на друштвото за 2022 година се зголемени за 134%, при што:**
  - Најголемо зголемување на одделните ставки од вкупните материјални трошоци има кај планираните трошоци за потрошена енергија во износ од 400% кое се должи на повеќекратното поскапување на електрична енергија (истите планирани во износ од 90.000.000,00 денари), потоа во ставката одржување со зголемување од 125% заради потребата од непрекинато овозможување на услуги, како и во ставката потрошени резервни делови од 43% (истите планирани во износ од 20.000.000,00 денари), како и 18% кај планираните трошоци за поштенски, телефонски услуги и интернет (истите планирани во износ од 20.000.000,00 денари) во однос на планираните расходи на Друштвото за 2022 година, како минимум проценети трошоци за обезбедување на непрекинато и безбедно функционирање на системите при што со оглед на нивната старост мора до крајни граници да се елиминира секаква можност од застој во функционирањето, како и да се обезбеди неопходноста од навремени и брзи интервенции, брзи набавки на резервни делови, па и замена на делови од системите доколку е потребно во текот на годината.
  - Останатите ставки од вкупните материјални трошоци како што се планираните трошоци за потрошени суровини и материјали и транспортните услуги, со оглед на нивниот релативно фиксен карактер, планирани се на исто ниво во однос на планираните трошоци во 2022 година.
- **Вкупните нематеријални трошоци во 2023 година се планирани во износ од 102.997.550,00 денари, а истите во спореба со вкупно планираните трошоци на**

**Друштвото за 2022 година се зголемени за 23% при што:**

- Трошоците за закуп на канцелариски простор наменет за изнајмување на дополнителен канцелариски простор за вработените во Секторот за ФРПРРИ, како и Одделението за Безбедност, Квалитет и Обезбедување, а истите се двојно зголемени од планираните во минатата година поради тоа што во 2022 година беа користени простории под закуп само во втората половина на годината.
- Трошоците за дневници за службени патувања и патни трошоци за 2023 година во износ од 20.000.000,00 денари, како и трошоците за репрезентација во износ од 3.000.000,00 денари се зголемени за околу 17% во споредба со планираните трошоци во 2022 година поради планираните задолжителни обуки на контролорите на летање и останатиот воздухопловен персонал на М-НАВ во 2023 година кои што се одржуваат во школските центри во странство, задолжителните обуки на контролорите на летање и инженерите на М-НАВ согласно склучените договори за набавка на системи и опрема финансирани со средства од ЕБОР во земјите од каде што потекнуваат добавувачите, редовните состаноци во меѓународните организации и институции итн.
- Планираните трошоци за осигурување за 2023 година се во износ од 12.000.000,00 денари, од кои 11.000.000,00 денари за осигурување од дејност, 200.000,00 денари за осигурување на имот, 400.000,00 денари за каско осигурување, 300.000,00 денари за осигурување на персоналот на друштвото, патничко осигурување итн., и истите се на исто ниво во споредба со 2022 година.
- Планираните трошоци за ставката Членарини во организации и друго во 2023 година се во износ од 1.625.000,00, од кои 1.600.000,00 денари отпаѓаат на трошоците за годишна членарина на М-НАВ во меѓународната организација CANSO (Civil Air Navigation Services Organization) на европско и светско ниво, додека 25.000,00 денари се планирани за членарини во домашни здруженија за сметководство, ревизија и заштита при работа и истите во споредба со планираните трошоци во 2022 година се на исто ниво.
- Најголем дел од вкупните нематеријални трошоци во 2023 година претставува ставката Останати нематеријални трошоци во вкупен износ од 62.522.550,00 денари како што следи:

| **Останати нематеријални трошоци** | **2023** | **2022** | **2023 / 2022 (%)** |
|---|---|---|---|
| Надомест надзорен одбор | 350.000,00 | 350.000,00 | 0,00 |
| Авторски хонорари | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 | 0,00 |
| Обука КЛ, семинари и советувања | 43.122.550,00 | 26.900.000,00 | 60,31 |
| Ревизија на финансиски извештај | 600.000,00 | 250.000,00 | 140,00 |
| Адвокатски услуги | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 0,00 |
| Останати интелектуални услуги | 3.100.000,00 | 5.100.000,00 | -39,22 |
| Стручни списанија и весници | 250.000,00 | 250.000,00 | 0,00 |
| Сертификација АЦВ | 10.700.000,00 | 10.700.000,00 | 0,00 |
| Други нематеријални трошоци | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 0,00 |
| Донации во земјата | 500.000,00 | 500.000,00 | 0,00 |
| Одржување на софтвер | 200.000,00 | 200.000,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | **62.522.550,00** | **47.950.000,00** | **30,39** |

Како што може да се види од табелата погоре, овие трошоци во споредба со планираните за 2022 година се зголемени за околу 30%, а најголемиот дел од оваа

ставка - Останати нематеријални трошоци отпаѓа на трошоците на подставките:

- Трошоци за Обука на контролори на летање (КЛ), семинари и советувања за 2023 година, во вкупен износ од 43.122.550,00 денари, од кои најголем дел се за потребите на Секторот за воздухопловна навигација за кој се предвидени пред се 6.150.000,00 денари за континуирана обука за КЛ со Скопје TWR/EXC и Охрид TWR/APP/EXC овластување, 17.693.000,00 денари за селекција и почетна обука на 8 кандидати за КЛ за ADI/TWR, 18.000.000,00 денари за селекција и почетна обука на 7 кандидати за КЛ за ACS овластување, 442.800,00 денари за обука за OJTI/STDI (за 2 КЛ со APS овластување) итн.
- Останати интелектуални услуги во вкупен износ од 3.100.000,00 денари од кои најголемиот дел се планирани трошоци за консултантски услуги по основ на склучен Договор за консултантски услуги за имплементација на проектите финансирани со заем од ЕБОР во износ од 2.000.000,00 денари, како и провизија за услуги за фактурирање и наплата на терминални услуги на контрола на летање од страна на Евроконтрол во износ од 1.000.000,00 денари.
- Како поголема подставка спаѓаат и годишните трошоци за сертификација на М-НАВ А.Д. Скопје од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство во вкупен износ од 10.700,000,00 денари.
- Подставката Други нематеријални трошоци во износ од 1.500.000,00 денари опфаќа наемнини за недвижности (Закуп за антена на Црн Врв), трошоци за чување архивски материјали, трошоци за фотокопирање, потврда за неосудуваност за вработените и друго.
- Трошоците за Донации во земјата се предвидени на износ од 500.000,00 денари за Воздухопловната Федерација на Република Северна Македонија.

- **Останатите трошоци од работењето се проектирани на 6.000.000,00 денари во 2023 година.** Во оваа категорија спаѓаат трошоците за резервации за надомест на вработени и резервации за договори, трошоци за вредносни усогласувања на краткорочни побарувања, отпис на побарувања од CRCO и друго, а во споредба со планираните трошоци во 2022 година се на исто ниво.
- **Амортизацијата за 2023 година е планирана во износ од 45.000.000,00 денари** согласно номенклатурата за пресметка на амортизација и сметководствената политика на Друштвото, и истата е на исто ниво во однос на планираната амортизација за 2022 година.

**Вкупните финансиски трошоци планирани за 2023 година се во износ од 28.000.000,00 денари,** од кои поголемиот дел во износ од 24.000.000,00 денари отпаѓа на планираната исплата на камати за неповлечени и повлечени средства по основ на новиот Договор за заем склучен со ЕБОР на 29 јули 2022 година, додека планираните трошоци за банкарски услуги се планирани во износ од 4.000.000,00 денари. Овие трошоци се зголемени во споредба со планираните трошоци за 2022 година поради потпишувањето на двата нови договори за заем со цел затворање и рефинансирање на тековниот Договор за заем со ЕБОР, потпишан на 24.09.2013, и тоа: новиот Договор за заем со ЕБОР во вредност од 9.770.000,00 ЕУР, потпишан на 29.07.2022, како и Договорот за одобрување на долгорочен кредит со Комерцијална Банка АД Скопје во вредност од 5.000.000,00 ЕУР, склучен на 28.07.2022.

Табеларниот приказ на планираните расходи на Друштвото за 2023 година во споредба со планираните расходи на Друштвото за 2022 година е дадено во Точка 9 - Споредбена анализа на планираните расходи на М-НАВ А.Д. - Скопје за 2023 година со планираните расходи на друштвото за 2022 година.

Табеларниот приказ на планираните расходи на Друштвото за 2023 година во споредба со планираните расходи на Друштвото за 2022 година е дадено во Точка 10 - Споредбена анализа на планираните расходи на М-НАВ А.Д. - Скопје за 2023 година со планираните расходи на друштвото за 2022 година.

## 6. ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ЗА 2023 ГОДИНА

"М-НАВ" А.Д. Скопје го изработи Финансискиот план за 2023 година во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 85/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18, "Службен весник на Република Северна Македонија" број 290/20 и 215/21 и усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување. Проекциите на вкупните расходи во износ од **1.221.121.550,00** денари (Точка 6) се направени врз основа на анализите за работењето на М-НАВ А.Д. - Скопје во изминатите две години, како и врз основа на минимум потребните средства на Друштвото за одржување на квалитетот на своите услуги во 2023 година, а во согласност со принципите на сметководственото начело на принципот на пресметковна основа.

Согласно регулативите на ICAO и Eurocontrol, давателот на услуги на воздухопловна навигација во Република Северна Македонија, М-НАВ - А.Д. Скопје работи на принципот на целосен поврат на трошоците (full cost recovery) од работењето што ги одобрува Eurocontrol секоја година. Тоа значи дека според "Принципите" на Eurocontrol (Док.бр.20.60.01. од јануари 2020 година), остварената добивка во претходната деловна година се враќа на авиокомпаниите преку соодветното намалување на цената на услугите во наредните години.

Проекциите на вкупните приходи во износ од **1.228.519.475,40** денари се базираат согласно планираниот обем на воздушен сообраќај во 2023 година (Точка 4).

**Со реализацијата на сите плански претпоставки, "М-НАВ" А.Д. Скопје во 2023 година очекува вкупните планирани приходи да ги надминат вкупните планирани расходи при што ќе оствари добивка од 7.397.925,40 денари.**

## 7. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **ПРЕЛЕТИ** | 144.116.891,33 | 318.822.830,67 | 381.871.008,09 | 206.908.332,74 | **1.051.719.062,83** |
| | | | | | |
| **ТЕРМИНАЛНИ УСЛУГИ** | 25.959.296,86 | 43.685.070,65 | 56.206.505,09 | 38.949.539,97 | **164.800.412,57** |
| | | | | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3,000,000.00 | **12.000.000,00** |
| | | | | | |
| **ВКУПНО ДЕНАРИ** | **173.076.188,19** | **365.507.901,32** | **441.077.513,18** | **248.857.872,71** | **1.228.519.475,40** |



## 8. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

| | | 2023 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Конто** | **ОПИС** | **Q1** | **Q2** | **Q3** | **Q4** | **Вкупно** |
| | | | | | | |
| I. | **Вкупно трошоци за вработените** | **215,781,000.00** | **215,781,000.00** | **215,781,000.00** | **215,781,000.00** | **863,124,000.00** |
| | Бруто плати | 214,281,000.00 | 214,281,000.00 | 214,281,000.00 | 214,281,000.00 | 857,124,000.00 |
| | Други трошоци за вработените | 1,500,000.00 | 1,500,000.00 | 1,500,000.00 | 1,500,000.00 | 6.000.000,00 |
| | | | | | | |
| II. | **Вкупно материјални трошоци** | **44,000,000.00** | **44,000,000.00** | **44,000,000.00** | **44,000,000.00** | **176.000.000,00** |
| | Потрошени суровини и материјали | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 4.000.000,00 |
| | Потрошени резервни делови | 5,000,000.00 | 5,000,000.00 | 5,000,000.00 | 5,000,000.00 | 20.000.000,00 |
| | Потрошена енергија | 22,500,000.00 | 22,500,000.00 | 22,500,000.00 | 22,500,000.00 | 90.000.000,00 |
| | Транспортни услуги | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 4.000.000,00 |
| | Поштенски, телефонски услуги и интернет | 5,000,000.00 | 5,000,000.00 | 5,000,000.00 | 5,000,000.00 | 20.000.000,00 |
| | Трошоци за одржување | 9,000,000.00 | 9,000,000.00 | 9,000,000.00 | 9,000,000.00 | 36.000.000,00 |
| | Дополнително трошоци минати години | 500,000.00 | 500,000.00 | 500,000.00 | 500,000.00 | 2.000.000,00 |
| | | | | | | |
| III. | **Вкупно нематеријални трошоци** | **18,749,390.00** | **40,749,390.00** | **12,749,380.00** | **30,749,390.00** | **102.997.550,00** |
| | Закуп за канцелариски простор и др. | 750,000.00 | 750,000.00 | 750,000.00 | 750,000.00 | 3.000.000,00 |
| | Останати услуги | 212,500.00 | 212,500.00 | 212,500.00 | 212,500.00 | 850.000,00 |
| | Дневници за службен пат и патни трошоци | 5,000,000.00 | 5,000,000.00 | 5,000,000.00 | 5,000,000.00 | 20.000.000,00 |
| | Трошоци за репрезентација | 750,000.00 | 750,000.00 | 750,000.00 | 750,000.00 | 3.000.000,00 |
| | Премии за осигурување | 500,000.00 | 10,500,000.00 | 500,000.00 | 500,000.00 | 12.000.000,00 |
| | Членарини во меѓународни организации и др. | 406,250.00 | 406,250.00 | 406,250.00 | 406,250.00 | 1.625.000,00 |
| | Останати нематеријални трошоци | 11,130,640.00 | 23,130,640.00 | 5,130,630.00 | 23,130,640.00 | 62.522.550,00 |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **IV.** | **Останати трошоци од работењето** | **1,500,000.00** | **1,500,000.00** | **1,500,000.00** | **1,500,000.00** | **6.000.000,00** |
| | | | | | | |
| **V.** | **Амортизација** | **11,250,000.00** | **11,250,000.00** | **11,250,000.00** | **11,250,000.00** | **45.000.000,00** |
| | | | | | | |
| **VI.** | **Вкупно финансиски трошоци** | **7,000,000.00** | **7,000,000.00** | **7,000,000.00** | **7,000,000.00** | **28.000.000,00** |
| | Банкарски услуги - провизии, курсни разлики | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 4.000.000,00 |
| | Камати по банкарски кредити | 6,000,000.00 | 6,000,000.00 | 6,000,000.00 | 6,000,000.00 | 24.000.000,00 |
| | | | | | | |
| | **Вкупно расходи** | **298,280,390.00** | **320,280,390.00** | **292,280,380.00** | **310,280,390.00** | **1.221.121.550,00** |



## 9. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА СО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2022 ГОДИНА

| Ред.бр. | Опис на расходи | Планирани 2023 | Планирани 2022 | % 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| I. | **Вкупно трошоци за вработените** | **883,124,000.00** | **759,776,868.00** | **16.23** |
| | Бруто плати | 877,124,000.00 | 754,776,868.00 | **16.21** |
| | Други трошоци за вработените | 6,000,000.00 | 5,000,000.00 | **20.00** |
| | | | | |
| II. | **Вкупно материјални трошоци** | **156,000,000.00** | **75,000,000.00** | **108.00** |
| | Потрошени суровини и материјали | 4,000,000.00 | 4,000,000.00 | **0.00** |
| | Потрошени резервни делови | 20,000,000.00 | 14,000,000.00 | **42.86** |
| | Потрошена енергија | 90,000,000.00 | 18,000,000.00 | **400.00** |
| | Транспортни услуги | 4,000,000.00 | 4,000,000.00 | **0.00** |
| | Поштенски, телефонски услуги и интернет | 20,000,000.00 | 17,000,000.00 | **17.65** |
| | Трошоци за одржување | 16,000,000.00 | 16,000,000.00 | **0.00** |
| | Дополнително трошоци минати години | 2,000,000.00 | 2,000,000.00 | **0.00** |
| | | | | |
| III. | **Вкупно нематеријални трошоци** | **102,997,550.00** | **83,475,000.00** | **23.39** |
| | Закуп за канцелариски простор и др. | 3,000,000.00 | 1,500,000.00 | **100.00** |
| | Останати услуги | 850,000.00 | 850,000.00 | **0.00** |
| | Дневници за службен пат и патни трошоци | 20,000,000.00 | 17,000,000.00 | **17.65** |
| | Трошоци за репрезентација | 3,000,000.00 | 2,550,000.00 | **17.65** |
| | Премии за осигурување | 12,000,000.00 | 12,000,000.00 | **0.00** |
| | Членарини во меѓународни Организации и др. | 1,625,000.00 | 1,625,000.00 | **0.00** |
| | Останати нематеријални трошоци | 62,522,550.00 | 47,950,000.00 | **30.39** |
| | | | | |
| IV. | **Останати трошоци од работењето** | **6,000,000.00** | **6,000,000.00** | **0.00** |
| | | | | |
| V. | **Амортизација** | **45,000,000.00** | **45,000,000.00** | **0.00** |
| | | | | |
| VI. | **Вкупно финансиски трошоци** | **28,000,000.00** | **13,000,000.00** | **115.38** |
| | Банкарски услуги - провизии, курсни разлики | 4,000,000.00 | 3,000,000.00 | **33.33** |
| | Камати по банкарски кредити | 24,000,000.00 | 10,000,000.00 | **140.00** |
| | | | | |
| | **Вкупно расходи** | **1.221.121.550,00** | **982,251,868.00** | **24.32** |




**Забелешка:** Отстапувања на планираните трошоци за 2023 година во споредба со планираните трошоци за 2022 година се објаснети во точка **5 – Анализа на планирани расходи на друштвото за 2023 година.**

## 10. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2022 ГОДИНА

| Ред.бр. | Опис на расходи | Планирани 2023 | Реализирани* 2022 | % 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| I. | **Вкупно трошоци за вработените** | **863,124,000.00** | **804,788,558.90** | **7.25** |
| | Бруто плати | 857,124,000.00 | 797,591,226.90 | **7.46** |
| | Други трошоци за вработените | 6,000,000.00 | 7,197,332.00 | **-16.64** |
| | | | | |
| II. | **Вкупно материјални трошоци** | **176,000,000.00** | **65,404,601.04** | **169.09** |
| | Потрошени суровини и материјали | 4,000,000.00 | 1,456,018.00 | **174.72** |
| | Потрошени резервни делови | 20,000,000.00 | 4,112,690.50 | **386.30** |
| | Потрошена енергија | 90,000,000.00 | 26,475,345.08 | **239.94** |
| | Транспортни услуги | 4,000,000.00 | 1,746,809.72 | **128.99** |
| | Поштенски, телефонски услуги и интернет | 20,000,000.00 | 16,012,064.52 | **24.91** |
| | Трошоци за одржување | 36,000,000.00 | 12,632,137.22 | **184.98** |
| | Дополнително трошоци минати години | 2,000,000.00 | 2,969,536.00 | **-32.65** |
| | | | | |
| III. | **Вкупно нематеријални трошоци** | **102,997,550.00** | **52,941,867.71** | **94.55** |
| | Закуп за канцелариски простор и др. | 3,000,000.00 | 750,000.00 | **300.00** |
| | Останати услуги | 850,000.00 | 774,871.00 | **9.70** |
| | Дневници за службен пат и патни трошоци | 20,000,000.00 | 11,735,022.82 | **70.43** |
| | Трошоци за репрезентација | 3,000,000.00 | 2,421,694.03 | **23.88** |
| | Премии за осигурување | 12,000,000.00 | 10,536,640.00 | **13.89** |
| | Членарини во меѓународни Организации и др. | 1,625,000.00 | 1,392,802.04 | **16.67** |
| | Останати нематеријални трошоци | 62,522,550.00 | 25,330,837.82 | **146.82** |
| | | | | |
| IV. | **Останати трошоци од работењето** | **6,000,000.00** | **8,901,469.95** | **-32.60** |
| | | | | |
| V. | **Амортизација** | **45,000,000.00** | **45,000,000.00** | **0.00** |
| | | | | |
| VI. | **Вкупно финансиски трошоци** | **28,000,000.00** | **22,428,054.14** | **24.84** |
| | Банкарски услуги - провизии, курсни разлики | 4,000,000.00 | 10,698,692.07 | **-62.61** |
| | Камати по банкарски кредити | 24,000,000.00 | 11,729,362.07 | **104.61** |
| | | | | |
| | **Вкупно расходи** | **1.221.121.550,00** | **999,464,551.74** | **22.18** |




Согласно Споредбената анализа на планирани расходи на друштвото за 2023 година (1.221.121.550,00 денари) во споредба со очекуваните реализирани расходи на Друштвото за 2022 година (999.464.551,76 денари), се прикажува вкупно зголемување од 22,18% во однос на реализацијата од 2022 година.

Напоменуваме дека при искажувањето на реализираните расходи за 2022 година, од причина што во моментот на изготвување на Финансискиот план за 2023 година истите сеуште не беа целосно достапни, земени се актуелните податоци заклучно со 30.09.2022 година, додека за преостанатиот период од 2022 година се користени планираните расходи од Финансискиот план за измена на финансискиот план на Друштвото за 2022 година.

Како резултат на горенаведеното, ова отстапување не е целосно реално, т.е. прецизното отстапување ќе се согледа на крајот од годината кога целосно ќе се прокнижат трошоците за 2022 година и целосно ќе се согледаат прелевањата на планираните расходи на квартално ниво.

Имено, согласно споредбената табеларна анализа погоре, прикажаното отстапување на одделните ставки на расходи е како што следи:

- Планираните трошоци за бруто плати на вработените во М-НАВ за 2023 година во однос на реализираните трошоци за 2022 година согласно горенаведената табела се зголемени за околу 7%. Ова зголемување се должи на враќањето на дел од средствата задржани од платите на вработените во согласност со договорот постигнат со синдикатите за намалување на платите во време на кризата, при што повратот на средства е овозможен со подобрувањето на воздушниот сообраќај во 2022 година, како и очекуваниот натамошен раст на сообраќајот во 2023 година. Како што е наведено во Точка 6 - Анализа на планираните расходи за 2023 година, во оваа ставка се воедно вклучени и пресметките за бруто плати за трансформација на работниот однос на 8 контролори на летање вработени во 2022 година во М-НАВ од определен во неопределен работен однос и вработување на 7 нови контролори на летање -

студенти (декември), метео обсервер (1 извршител), ЦОЛ (1 извршител), кабинет (1 извршител) во Секторот на воздухопловна навигација (април-декември); вработување на 6 инженери и 2 техничари (мај-декември) во Секторот за воздухопловна техника; 3 советника (јули-декември), 1 преведувач во Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции. Воедно, оваа ставка ги вклучува и трошоците за законското зголемување на бруто платите по основ на минат труд, сменска работа, надоместоци за работа во празник, и зголемување на рејтинг на контролорите на летање.

- Кај планираните трошоци за потрошени суровини и материјали за 2023 година споредбено со реализираните трошоци за 2022 година во табелата се прикажува драстично зголемување од причина што кај подставките канцелариски материјали, средства за хигиена и средства за вода се со требување од магацин, а податоците се преземаат од магацинот на крајот од годината по што кај оваа ставка нема да има толкав процент на одстапување на крајот од годината по целосното прокнижување на трошоците.
- Планираните трошоци за потрошена енергија за 2023 година во споредба со прикажаната реализација во табелата за 2022 година драстично отстапува поради повеќекратното поскапување на цената на електрична енергија во 2022 година, како и очекуваното ново поскапување во 2023 година, а во предвид е земено и нецелосното прокнижување на фактурите, т.е. фактурите за електрична енергија од Министерството за одбрана пристигнуваат со задоцнување, така што досега се платени сите фактури заклучно со јуни 2022 година, а останатите се очекува да пристигнат и бидат платени до крајот на годината.
- Кај ставките Транспортни услуги и Останати услуги каде што се прикажува намалена реализација во 2022 година, а делумно и кај сите други расходни ставки, отстапувањето на реализираното во однос на планираното се должи пред се на реалното намалено користење на услуги на транспорт, шпедиција и логистика, превоз на вработени, намалена реализација на јавните набавки и капиталните инвестиции, особено во првата половина на 2022 година, како резултат на влијанието на пандемијата од Ковид-19 врз финансиското работење на М-НАВ како и преземените антикризни економски мерки од страна на Управниот одбор по почетокот на пандемијата. Сепак и за овие ставки на трошоци прецизната реализација ќе се согледа на крајот од годината по целосното прокнижување на трошоците за 2021 година.
- Планираните трошоци за службени патувања и дневници за 2023 како и планираните останати нематеријални трошоци за 2023 година се драстично зголемени во споредба со очекуваната реализација на трошоци во 2022 година поради планираните задолжителни обуки на контролорите на летање и воздухопловниот персонал во 2023 година, планираните обуки на контролорите на летање и инженерите согласно склучените договори за набавка на системи и опрема финансирани со средства од ЕБОР и воедно, по целосната блокада на меѓународните активности во 2020 и 2021 година и постепеното враќање во текот на 2022 година како резултат на стивнувањето на пандемијата од Ковид-19 се очекува целосна нормализација на активностите на Друштвото во 2023 година. Овие ставки се детално објаснети во Точка 5 - Анализа на планирани расходи за 2023 година.